ПРЕДЛАГАЧ:Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВИНОТО,
по скратена постапка

Скопје, јуни 2023 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: / E pranuar: | 12. 06. 2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица / Njësia Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| 08 | 3207/1 | | |

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ

НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА

СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вино, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

1. Панчо Минов
2. Љупчо Ристовски
3. Даниела Колева

2

ВОВЕД:

## I.ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за виното („Службен весник на Република Македонија“ број 50/10, 53/11, 6/12,64/12,23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16 и 172/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 235/19), се уредуваат планирањето и утврдувањето на производната цена,управувањето со производствениот потенцијал за производство на винско грозје, производството на вино, пазарот и прометот со вино, исплатата на винското грозје и утврдување на производна цена на винското грозје.

Измените и дополнувањето на Законот за виното е во насока на доуредување на постоечките законски решенија кои ја регулираат оваа материја бидејки во спроведувањето на постоечкиот законот со откупот на винско грозје има појава на ниски откупни цени,несоодветно и неправично плаќање по шеќерни единици од страна на откупувачите,непринципиелно искористување на можноста за плакање веднаш со тоа што му се намалува откупната цена како и злоупотреба и искористување на одредени слабости во постоечкиот закон.

Заради заштита на интересите на производителите на винскогрозје за првпат ќе се утврдува производната цена на винско грозје по килограм, најдоцна до 15 јули во тековната година, за најмалку две најзастапени сорти.

За таа цел со новиот предог закон треба да се постигне подобра цена за лозаропроизводителите,исплатата да се врши по измерени шекерни единици,да се утврди производна цена врз основа на методологија која е достојна за лозаропроизводителите,пресметка на трошоците за производство на килограм винско грозје од страна на овласен и стручен институт како и определување на гарантирана откупна цена со тоа што ке се овозможи правна сигурност на земјоделците со цел да можат да ги планираат долгорочно инвестициите во земјоделството.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за виното заради доуредување на постојните законски одредби и воведување на нови законски решенија кои се однесуваат на цената,начинот на утврдување на цената,правично плакање по откупено винско грозје и основање на институт за утврдување на гарантирана цена за винско грозје како и воведување на нови поими и доуредување на одредни постапки.

Предлог законот се заснова на истите начела на кој се заснова Законот за виното.

## III.ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предложените законски решенија нема да предизвика финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВИНОТО

Врз основа на членот 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, бидејќи не се работи за сложен и обемен закон, предлагаме Собранието да расправа по Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за виното, по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за виното

Член 1

Во Законот за виното („Службен весник на Република Македонија“ број 50/10, 53/11, 6/12,64/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16 и 172/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 235/19), по член 16-б се додваат два нови наслови и два нови члена 16-в и 16-г кои гласат:

„Утврдување на производна цена на винско грозје

Член 16-в

(1) Министерството најдоцна до 15 јули во тековната година утврдува производна цена по килограм произведено винско грозје во тековната година.
(2) Производната цена се утврдува секоја година за најмалку две најзастапени сорти на винско грозје.
(3) Производната цена од став (2) на овој член се утрвдува врз основа на методологија за пресметка на трошоците за производство на килограм винско грозје на определена површина и соодветен квалитет.
(4) Методологијата од став (3) на овој член ја пропишува министерот.

Начин на утврдување на производна цена

Член 16-г

(1) Пресметка на трошоците за производство на килограм винско грозје на определена површина и соодветен квалитет согласно методологијата од член 21 ја врши високо образовна или научна институција од областа во земјоделството.
(2) Министерството објавува јавен конкурс за избор на институцијата од став (1) на овој член.
(3) Јавниот конкурс од став (2) на овој член се објавува на веб страната на Министерството во времетраење од 15 дена.
(4) Јавниот конкурс од став (3) на овој член особено содржи:
    - Предмет на услугата што треба да се изврши,
    - Период во кој треба да се изврши услугата,
    - Критериуми за избор,
    - Потребната документација за учество на јавниот конкурс,
    - Начин на доставување на пријавата за учество на јавниот конкурс и
    - Друга документација предвидена со јавниот конкурс.

(5) Изборот на институцијата се врши врз основа на најниско понудена цена за услугата во пријавата за учество на јавниот конкурс.
(6) Постапката по јавниот конкурс ја спроведува трочлена комисија формирана од министерот.
(7) Комисијата од став (6) на овој член врши евалуација на пријавите по јавниот конкурс, изготвува записник за извршена евалуација и доставува предлог за избор на најповолен понудувач на јвниот оглас.
(8) Министерот врз основа на предлогот од став (7) од овој член донесува решение за избор на најповолен понудувач по јавниот конкурс.
(9) Решението од став (8) на овој член се доставува до сите учесници на јавниот конкурс.
(10) Решението од став (8) на овој член е конечно и извршно во управна постапка.
(11) Со избраниот понудувач министерот склучува договор за вршење на услугите кои се предмет на јавниот конкурс.“.

Член 2

Членот 17 се менува и гласи:

Членот 17 се менува и гласи:

„ (1) Цената на винското грозје за производство на вино се утврдува и се исплаќа врз основа на шеќерни единици.

(2) Трговците со винско грозје и производителите на вино се должни во моментот на откупот на винското грозје за производство на вино да ги измерат шеќерните единици на грозјето и на производителите на грозје да им издадат потврда за количината на откупено грозје и шеќерни единици на грозјето за секоја сорта на винско грозје поединечно.

(3) Трговците со винско грозје и производителите на вино се должни најдоцна до почетокот на винската година да објават цена по шеќерна единица за секоја сорта на винско грозје поединечно по која ќе откупуваат винско грозје за производство на вино.

(4) Доколку објавената цена од став (3) на овој член е под производната цена утврдена согласно овој закон зголемена за 25%, откупувачот е должен до Министерството да достави извештај за остварени приходи и расходи од откуп и продажба на винско грозје и производство и продажба на вино во претходната година.

(5) Веродостојноста на податоците во извештајот со инспекциски надзор ја проверуваат државниот инспекторат за земјоделство и органот на државната управа надлежна за јавните приходи.

(6) Откупувачите од став (1) на овој член кои нема да достават извештај од став (4) на овој член или ќе достават неверодостоен извештај или од податоците во извештајот се утврди дека оствариле приходи за 25% повеќе од реализираните расходи, а објавиле цена под производната цена утврдена согласно овој закон зголемена за 25% немаат право на финансиска поддршка согласно програмата за финансиска поддршка од член 5 од овој закон како и од програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој согласно Законот за земјоделство и рурален развој.

(7) Откупот на винско грозје за производство на вино се врши согласно со Законот за земјоделство и рурален развој доколку поинаку не е уредено со овој закон.“.

Член 3

По членот 17 се додаваат нов наслов и нов член 17-а, кој гласи:

„Гарантирана цена

Член 17-а

Министерството преку Програмата за финансиска поддршка од член 5 од овој закон како и од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој согласно Законот за земјоделство и рурален развој се грижи секој килограм откупено винско грозје да ја постигне производната цена утврдена согласно овој закон зголемена за 25%. “.

Член 4

Министерот во рок од 7 дена од влегувањето во сила на овој закон,од сопствени средства од буџетот на Министерството за земјоделство,шумарство и водостопанство склучува договор за вршење на услуга пресметка на производната цена на винско грозје за откупната сезона 2023/2024 година со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ –Институт за винарство,според критериумите:

- просечен принос на производство на винско грозје по хектар;
- варијабилни трошоци на производство;
- надоместок за наводнување;
- амортизација на насадите и механизацијата и
- сопствена и ангажирана работна сила.

Министерот на Министерството за земјоделство,шумарство и водостопанство ја утврдува производната цена на винско грозје за откупната сезона 2023/2024 година најдоцна до 1 август 2023 година.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ

### I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Основната цел на овој предлог закон е да се утврди производната цена на винско грозје,рокот до кога треба да се утврди производната цена, методологијата за пресметката на трошоците за производство на килограм винско грозје,начинот на утврдување на производна цена и гарантирана цена за откуп.

Заради заштита на интересите на производителите на винско грозје министерството ја утврдува производната цена на винско грозје по килограм,најдоцна до 15 јули во тековната година за најмалку две најзастапени сорти.Пресметката на трошоците за производство на килограм винско грозје на определена површина и соодветен квалитет согласно дадена методологија ќе ја врши високо образовна или научна институција од областа во земјоделството.

Во последниот член се предвидува влегувањето во сила на законот со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

### II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија во Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за виното, се меѓусебно поврзани со одделни законски решенија од постојниот закон и како целина треба да се постигне поквалитетно регулирање на материјата во делот на цена и начин на утврдување на производна цена на винско грозје.

### III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени и дополнувања во законот ќе се овозможи да се создадат законски претпоставки за спроведување на Законот за виното, да се подобри условите и цената на винското грозје.

Текст на одредбите од Законот за виното кои се менуваат и дополнуваат

## Цена на винско грозје

Член 17

(1) Цената на винското грозје за производство на вино се утврдува и се исплаќа врз основа на шеќерни единици.

(2) Трговците со винско грозје и производителите на вино се должни во моментот на откупот на винското грозје за производство на вино да ги измерат шеќерните единици на грозјето и на производителите на грозје да им издадат потврда за количината на откупено грозје и шеќерните единици на грозјето за секоја сорта на винско грозје поединечно.

(3) Трговците со винско грозје и производителите на вино се должни најдоцна до почетокот на винската година да објават цена по шеќерна единица за секоја сорта на винско грозје поединечно по која ќе откупуваат винско грозје за производство на вино.

(4) Висината на цената од ставот (3) на овој член не може да се намали до истекот на винската година.

(5) Утврдената цена согласно со ставот (3) на овој член може да се намали најмногу до 8% во случај кога исплатата на износот за откупеното винско грозје се врши во целост согласно со членот 16-б од овој закон.

(6) Откупот на винско грозје за производство на вино се врши согласно со Законот за земјоделство и рурален развој доколку поинаку не е уредено со овој закон.